aeroGALERIA



# НИЧЕ ВАСИЛЕВ

31.01.2001 - 14.02.2001

**НИЧЕ ВАСИЛЕВ** е актуелен сликар кој што не го прекинува историскиот континуитет на модерно-романтичарската традиција во ликовниот свет. Во неговата сликарска проза НОВОТО се претпоставува како израсток на СТАРОТО, само што сега ликовно-романтичарскиот здив на сликата е оправдано ослободен од традиционалната илузија, за да патетичниот тон на романтичарското, добие еден свој авторски квалитет.

Василев, како основа на сликата ја носи пред сѐ структурата на композицијата како академски ред на нештата, како формат во кој дисциплинирано се сугерирани односите помеѓу ликовните елементи.

Независно од мотивот на обработка, тој како ликовен објект во ова творештво се дефинира сосема материјално. Тоа е она материјално во кое сликарското „нешто“ е скриено. Од сликарската поврзаност со вистината на експресивното, Василев во творештвото ја задржува само чистата потреба за емотивно општење со предметот. Тоа е емотивна нишка што ја извлекува неопходно на мала „смутка на напнатост“ во сликарските дела.

Напнатост, што како креација на лирскиот свет ја вознемирува, онолку колку што е потребно декоративната уредност на сликарската површина.

Бележувањето е исклучително третман на бојата „цртање“ со бојата. Бојата е густирана со педантно знаење и служи точно како опис на тоа што уметникот го гледа во колористичката метафора на видливото-реалистичко. Колоритот е заситен до ниво на проѕирна презаситеност. Го доловува просторот до пулсирачки знак, кој не би можел да настане без познавање на експресионалистичките начела како нечија примарна материја.

Сликарските пејсажи се согласуваат во својот постсезановски начин на обликување, додека портретите на женските фигури како меки стилизации се поклопуваат во својата линиска мелодичност. Портретната колористичка одвоеност од амблемот во кој се вклопени „најдените фигури“, Василев ја истакнува со намерна подозривност, за да го принуди гледачот да не скита со погледот по сликата.

Ниче Василев е ликовен уметник на творештво кое ни покажува дека една сликарско-емотивна истрајност е независна од ликовно-доминантните значенија што одговараат на „денешното време“.

*Александра Бућевац,*
***Аеро Галерија***



## НИЧЕ ВАСИЛЕВ

Роден е во Дабиља, кај Струмица. Академија за ликовна уметност завршил во Варшава 1978 г. кај професорот Ludwik Maciag.

1971/72. студирал и на академијата за применета уметност во Софија. Член на Друштвото на ликовните уметници на Македонија од 1980 г.

Живее и работи во Струмица на ул. „Димитар Влахов", тел.: 389 902 345 869

## ИНДИВИДУАЛНИ ИЗЛОЖБИ:

1977 - Скопје, Галерија Дом на млади
1977 - Варшава, Галерија „Prohima"
1980 - Мадрид, Галерија „Lazaro"
1981 - Крањ, Словенија, Горењски музеј
1983/'86/'92 - Скопје, Културно информативен центар
1985 - Штип, Дом на културата
1990/'97 - Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ
1993 - Битола, Уметничка галерија
1993 - Софија, Галерија „Бонарт"
1994 - Струмица, Уметничка галерија
1995 - Варшава, Галерија „Test"
1995 - Сиедлце, Полска „Muzeum okregowe"
1997 - Анкара, Галерија „Vakif Bank"
2001 - Скопје, Аеро Галерија

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1974 - Добој, 17-ти Априлски салон
1979, 84, 85, '91, 93, 96 - Струмица, Меѓународна ликовна колонија
1980 - Врба, Југословенска палета на младите
1982 - Скопје, Млада Генерација IV, Музеј на современа уметност
1982 - Смолјан (Бугарија), Меѓународна ликовна колонија
1983 - Загорје на Сава (Словенија), Меѓународна ликовна колонија
1985 - Белград, НОБ во делата на југословенските лик. уметници
1987 - Тузла, Југословенски портрет
1988 - Устка (Полска), Меѓународна ликовна колонија
1990-93/96 - Горњи Милановац, Меѓународно биенале на минијатурата
1996 - Париз, 70 Ликовни уметници од Македонија
1998 - Пловдив, Меѓународна лик. колонија

Учесник на сите изложби организирани од ДЛУМ

## НАГРАДИ:

Награда на 17-иот Априлски салон, Добој 1973
Специјална награда на Академијата на ликовна уметност, Варшава 1977
Откупна награда на изложбата Југословенскиот портрет, Тузла 1987
Награда „Димитар Пандилов" на ДЛУМ 2000 г.
Награда „Методија Ивановски - Менде" на КИЦ 2000 г.



aeroGALERIA

Димитрија Чуповски 2, 1000 Скопје, Р. Македонија; Тел. / Факс: ++389 2 11 53 33